**20251092398**

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 96 од Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија” бр. 64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15, 44/15, 147/15, 7/16, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.274/22, 255/24 и 59/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 27 мај 2025 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПРОШИРЕНА РЕПРОДУКЦИЈА НА ШУМИТЕ ЗА 2025 ГОДИНА

I

Во Програмата за проширена репродукција на шумите за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.28/25) делот III се менува и гласи:

„Средствата од дел II од оваа програма во износ од 27.000.000,00 денари ќе се користат за следните работи/мерки:

| Ред. бр. | Вид на работа / мерка | Извршител | Количина и единечна мерка | Цена по единечна мерка (денари) | Износ (денари) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Отстранување на последиците од шумски пожари на површина над 50 ха во рамките на една шумскостопанска единица преку вештачка обнова со: | ЈП „Национални шуми“ | | | |
| 1.1 | - пошумување со садници | | 51 ха | 142.560,00 | 7.270.560,00 |
| 1.2 | - пошумување со семе (подсејување) | | 183 ха | 70.836,00 | 12.962.988,00 |
| 2. | Превентивна заштита на шумите и шумските култури преку организирана Извештајно дијагнозно прогнозна служба (ИДП служба) | Факултет за шумарски науки | / | / | 1.704.452,00 |
| 3. | Неизмирени обврски согласно Програмата за проширена репродукција на шумите за 2024 година за отстранување на последиците од шумски пожари на површина над 50 ха во рамките на една шумскостопанска единица преку вештачка обнова | ЈП „Национални шуми“ | 50 ха | 100.000,00 | 5.000.000,00 |
| 4. | Промотивна кампања за подигање на јавната свест за превентивна заштита на шумите од пожари | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | / | / | 62.000,00 |
| | | | | **Вкупно:** | **27.000.000,00** |

Отстранување на последиците од шумски пожари од точка 1 од табелата на овој дел, ќе се врши на површина над 50 ха во рамките на една шумскостопанска единица преку вештачка обнова со пошумување со садници или со семе (подсејување).

За реализација на мерките од точката 1 од табелата на овој дел, извршителот на работите до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство доставува посебна оперативно - стручна програма за секоја шумскостопанска единица или КО во која се наведува оддел/пододдел или локалитетот (КО/КП), површина (ха), стопанска класа, податоци за настанатата штета (целосно, делумно), опожарена површина (ха), санирање (состојба со чистење на површините од опожарена дрвна маса), услови на месторастење, обемот и видот на работата, техниката, листа на видови за пошумување (садници/семе), времето на реализација на работите и други важни податоци.

Превентивна заштита на шумите и шумските култури од растителни болести и штетници од точка 2 од табелата на овој дел, ќе се врши со превентивна заштита на шумите и шумските култури од потенцијални штетници кои можат да загрозат поголеми шумски простори, организирана преку Извештајно дијагнозно прогнозната служба (ИДП служба) за шумите во Република Северна Македонија. Факултетот за шумарски науки до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе достави прелиминарен Извештај за здравствената состојба на шумите во Република Северна Македонија за 2025 година до 5 декември 2025 година и финален Извештај за здравствената состојба на шумите во Република Северна Македонија за 2025 година со предлог мерки за понатамошно делување до 31 јануари 2026 година.

Средствата за неизмирени обврски од точка 3 од табелата на овој дел, ќе се исплатат на ЈП „Национални шуми“ како извршител на работите, врз основ на склучениот договор согласно Програмата за проширена репродукција на шумите за 2024 година и записник за извршени работи доставен од државен инспектор за шумарство.

Промотивна кампања за подигање на јавната свест за превентивна заштита на шумите од пожари од точка 4 од табелата на овој дел ќе се врши преку објавување и печатење на инструкции, протоколи, планови, материјали за обука, насоки и други материјали од областа на управувањето со пожари на отворен простор, како и со техничко одржување и хостирање на веб страницата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за подигање на јавната свест за заштита на шумите од пожари.“ .

II

Во делот IV во ставот 1 зборовите „дел III од оваа програма“ се заменуваат со зборовите „дел III точките 1, 2 и 3 од оваа програма“.

Во ставот 2 зборовите „точка 3“ се заменуваат со зборовите „точка 2“.

III

Прилогот се брише.

IV

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-4481/14
27 мај 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.